**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-30
02.02. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), Информација од Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше (наш арх.бр.05-408/1 од 16.01.2017 година и Изјавата од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше дадена на 24.01.2017 година (наш УП1 бр. 08-30 од 30.01.2017 година), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, е имател на дозвола за радио емитување бр. 08-99 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), на локално ниво Жировница, за радио програмски сервис музичко - говорно радио од општ формат на македонски јазик, преку терестријален предавател.

На 16.01.2017 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, достави Информација, наш арх. бр.05-408/1, во кое меѓу другото наведува дека Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше извршило промена на приоритетната дејност на друштвото - емитување на радио програма.

Во врска со доставената напредцитирана Информација од Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до наведениот радиодифузер достави Известување наш арх.бр.05-408/2 од 18.01.2017 година, со кое го извести радиодифузерот дека доколку неговата цел е престанок со емитување на радио програма, потребно е до Агенцијата да достави изјава (заверена на нотар) од основачот/сопственикот на ТРД за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше и од управителот на наведеното друштво, дека радиодифузерот ТРД за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше престанува со радио емитување.

На 30.01.2017 година, Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Изјава од управителот на ТРД за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше - Емине Мехмеди и основачот/сопственик на наведениот радиодифузер - Џевдет Мехмеди, дадена и заверена на нотар на 24.01.2017 година (наш УП1 бр.08-30 од 30.01.2017 година), во која изјавуваат дека радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, престанува со емитување на радио програма.

Исто така до Агенцијата за аудио и аудовизуелни медиумски услуги на 31.01.2017 година од страна на Агенцијата за електронски комуникации доставено е Решение бр.Уп1-0802-146 од 27.01.2017 година, (наш арх.бр.03-567/1 од 31.01.2017 година), со кое се отповикува одобрението за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба со евидентен бр.110122 издадено од АЕК на корисникот ТРД за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Информацијата од Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше (наш арх.бр.05-408/1 од 16.01.2017 година и Изјавата од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше дадена на 24.01.2017 година (наш УП1 бр. 08-30 од 30.01.2017 година), исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), Информација од Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше (наш арх.бр.05-408/1 од 16.01.2017 година и Изјавата од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше дадена на 24.01.2017 година (наш УП1 бр. 08-30 од 30.01.2017 година), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ТРД за производство и емитување Е М И - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше; и
- Агенцијата за електронски комуникации.